УМЕТНОСТ - ТЕОРИЈА

# ЗА ЗНАКОТ И ЗНАЧЕЊЕТО

***- Околу дефинирањето на знакот и значењето во уметничките дела***

Меѓу најинтересните проблеми поврзани со основата на разбирањето и интерпретирањето на уметноста воопшто, спаѓа проблемот на знакот и значењето во уметничкото дело. Дефинирањето на овие поими е особено битно за делата кои им припаѓаат на т.н. визуелни уметности или, поточно, на ликовната уметност. Формална наука која се занимава со проучување на знаците и значењето со лингвистичко или вонлингвистичко потекло е семиотиката - општа теорија на знаковните системи, додека семиологијата (ѓранка на семиотиката) е наука која ја проучува појавата, пренесувањето, функционирањето и трансформирањето на знаците и значењата.





### За знакот

*Знакот* наједноставно може да се дефинира како сетилен елемент кој субјектот го упатува на нешто; тој застапува, прикажува и означува битие, замисла, предмет или случување. Според М. Шуваковиќ (Појмовник на модерната и постмодерната ликовна уметност и теорија по 1945, 1998.) ликовните знаци во основа се делат на пиктурални (сликарски) и скулптурални. Конститутивни елементи на сликарскиот знак се точката, линијата, површината, текстурата и бојата и се претставени дводимензионално, додека скулптуралните се тродимензионално изразени преку предметот, просторната димензија, површината на тродимензионалниот предмет, текстурата на просторните површини и масата.

Функциите на ликовните знаци не се одредени само со сликарски и скулптурални аспекти на појавноста и изгледот на знакот, туку и со лингвистички и семиотички механизми за воспоставување на конвенциите на употреба, односот меѓу формата, содржината и значењето. Секое ликовно дело може да се интерпретира како знак или знаковна структура. На пример, знаковното прикажување на светот, емоциите и замислите е основа на модернистичките истражување, од пионерските дела на В. Кандински и П. Кле до апстрактниот експресионизам, додека во постмодерната знакот се дефинира како опкружување и елемент на вештачката природа на културата на постмодерното време.

### За симболот

Елемент кој нераздвојно е поврзан со знакот и значењето е *симболот*, кој претставува знак или знаковна структура кои ги пренесуваат сложените буквални или преносни значења преку ликовното уметничко дело (слика, скулптура, графика или новите медиуми). За модерната уметност симболот претставува апстрактен и субјективен израз на емоциите, знаците, фантазијата, а за постмодерната симболот е случајна, фрагментарна, субјективна претстава на симболите во историјата на уметноста и актуелните култури.

### За значењето

*Значењето* е посредник помеѓу присутниот носител на значењето и отсутниот објект кој се спомнува со тоа значење. Смислата на уметничкото дело може да биде миметичкото прикажување, пренесување на пораките, но може да зависи и од перцептивната моќ на уметникот, од историските и економските услови во кои делото се создава. Условите и контекстот во кои делото е создадено го менуваат неговото значење - еден секојдневен употребен предмет станува уметничко дело ако се смести во поинаков контекст (М.Дишан - ready-made). Според постмодерните теории, значењето на кој било елемент зависи од неговото сместување во специфичниот контекст и од релациите кои тој му ги наметнува, односно знакот се стекнува со значење така што стапува во релации со другите говорни, текстуални или сликарски знаци (Ж. Дерида). Од сето ова произлегува дека значењето не е вечна и неменлива константа и во зависност од контекстот може секогаш различно да се толкува.



Маја ЧАНКУЛОВСКА



1330